 

**ООУ “БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“ с.ЖВАН**

**Тел. 047/271-501**

**ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ**
***БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ* с.ЖВАН – ДЕМИР ХИСАР**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО ЗА УЧЕБНАТА 2023-2024 ГОДИНА

**ЈУНИ, 2024 г.**

# I. ВОВЕД

Изготвувањето на овој извештај има Нормативна основа која е предвидена со Законот за основно образование, Законот за локална самоуправа, како и Статутот на училиштето. Меѓутоа, неговото изготвување е потреба на училиштето и ќе му користи на училиштето во неговата понатамошна работа.

Извештајот претставува документ кој ги содржи сите битни информации за оценка на работата на училиштето и остварувањето на Годишната програма за работа во учебната 2023/2024 година. Тој во суштина писмено ја изразува ангажираноста на училиштето (директорот, стручните соработници и наставниците) во остварувањето на дејноста на училиштето. Имајќи ги предвид реформските промени, подигањето на стандардите, планираните подрачја и приоритетни активности предвидени со Годишната програма за работа, значајните настани, обезбедувањето транспарентност во реализација на планираните активности, како и желбата да се унапреди воспитниот и образовниот процес, се потрудивме овој Извештај да биде подетален, т.е. да содржи повеќе синтетизирани информации. За голем дел информации на овој извештај училиштето располага со аналитички прилози (списоци на ученици, списоци на активности, фотокопии од дипломи, видео записи, линкови за публикувани прилози, извештаи и сл.).

Информациите во извештајот се методолошки и хронолошки подредени според подрачјата предвидени во Годишната програма за работа и во главно се однесуваат на следните процеси: просторни и други услови на работа, реализација на наставни планови и програми, постигања на учениците во сите наставни и воннаставни области, соработка со родителите и локалната средина, со локалната самоуправа и другите институции, Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Државниот испитен центар, Државниот просветен инспекторат, меѓународната заедница, остварувањето на интерни и екстерни проекти и др.

Имајќи предвид дека секој наставник е вклучен во определен тим за реализација на програмските активности во соодветно подрачје на Годишната програма за работа на училиштето, логички следува дека и секој наставник непосредно учествува со свои пишани прилози на овој извештај.

Целта на овој извештај е да обезбеди јасни насоки за одговорно вклучување на сите училишни субјекти во креирањето на програмските определби за работа во текот на целата учебна година.

## II. УСЛОВИ ВО КОИШТО РАБОТИ УЧИЛИШТЕТО

Општинското основно училиште „Браќа Миладиновци“ се наоѓа во населбата Жван. Во составот на Училиштето работат и две подрачни училишта во населбите: Сопотница и Доленци. Во централното и подрачните училишта настава посетуваа 64 ученици од кои во одделенска настава 20 - распоредени во шест паралелки, и 44 ученици во предметна настава распоредени во четири паралелки.

Наставата се изведува на македонски наставен јазик во една смена.

Просторните и другите услови за работа се подобрени во споредба со минатата учебна година.

## III. ПОДГОТВЕНОСТ НА УЧИЛИШТЕТО ЗА РАБОТА

За подобрување на просторните услови за работа и создавање стимулативна средина за работа и учење, во текот на изминатиот период на учебната 2023/2024 година се остварени следните санации или интервенции:

- Во текот на летниот период варосани се училниците во централното училиште и во подрачните училишта;
- Набавен е огревен материјал;
- Целосна реконструкција на две училници во централното училиште;
- Навремено се набавени учебници за сите ученици во училиштето;
- Варосана е спортската сала во училиштето;
- Сите ученици се осигурани на почетокот од учебната година;
- Исчистен и уреден училишниот двор во централното училиште и изграден летниковец пред спортската сала;
- Извршени се навремено систематски и стоматолошки прегледи на учениците;
- Извршени се санитарни прегледи на вработените;
- Збогатен е библиотечниот фонд со лектирни изданија;
- Извршена е дезинфекција и дератизација во училиштето;
- Заменета дрвената дограма на фискутурната

с а л а в о ц е н т р а л н о т о у ч и л и ш т е с о П В Ц д о г р а м а

## IV. ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА

Планот и програмата од редовната, дополнителната настава и слободните ученички активности се реализирани според планирањата на училиштето и предметните и одделенски наставници. Наставата по сите задолжителни предмети беше застапена и реализирана во согласност со Законот за основно образование, Планот и програмата за воспитно-образовната дејност на Основното училиште.

Во согласност со календарот за организација и работа на основните училишта за учебната 2023-24 година , наставната година завршува на 17 јуни 2024 година.Наставниот план и програма се реализирани во согласност со календарарот за работа за деветгодишно основно образование.Реализирани се 180 наставни денови.

Дополнителна, додатна настава и слободни ученички активности беа планирани и реализирани од страна на наставниците во текот на целата учебна година.

**Изборни предмети:**

Во шесто одделение се реализира изборниот предмет - Запознавање со религиите и Класична култура, во седмо одделение- Изборен спорт, во осмо одделение – Проекти од информатика и во деветто одделение изборниот предмет - Програмирање.

Учениците од четврто одделение кои учат по новата Концепција исто така имаа два изборни предмети,и тоа во првото полугодие го изучуваа предметот – Сликање, цртање,вајарство и во второто полугодие предметот – Образование за животни вештини, додека учениците од петто одделение ги избраа предметите - Пишување проза и поезија и Кошарка.

Училишниот тим за подршка во текот на учебната година даде свој придонес за зголемување на примената на ИКТ во наставата и овозможи поголем пристап на учениците до компјутерот, учество во проекти, изработка на катчиња во училишните простории како и примена на Е-содржини.

Од прво до деветто одделение се реализираше Програмата Образование за животни вештини. На часовите беа реализирани содржини и презентирани изработки од учениците и одделенските наставници на теми од образование за животни вештини. Во текот на второто полугодие на одделенските часови во шесто и седмо одделение се реализираа часови од социо - емоционални вештини.

Во прво одделение реализацијата беше преку постојните наставни содржини, а во останатите одделенија на часовите на одделенската заедница.

Во рамките на Проектот Е-Дневник во нашето училиште навремено почна електронското внесување на податоците на учениците и континуирано водење на Е-Дневникот во текот на учебната 2023/2024 година.

Реализирани беа обуки на наставниците приправници за користење на современи методи и техники на учење, а по барање на наставниците приправници беа организирани интерни работилници на повеќе теми.

Запознавањето на родителите и учениците со одделени делови од Програмата за работа, правата и должностите на учениците и организацијата на работата во училиштето, а во согласност со член 49 од Законот за основно образование (Сл. Весник на РМ бр. 161/2019) училиштето го реализира преку издавање на брошура во месец Септември.

Согласно Правилникот за водење на професионално досие за сите наставници се води ваков вид досие.

## V. ПОДАТОЦИ ЗА БРОЈОТ НА УЧЕНИЦИТЕ И ПАРАЛЕЛКИТЕ

На крајот на учебната 2023/2024 год. бројот на ученици е како што следува во табелата подолу.

| ОДДЕЛЕНИЕ | Вкупно | | | Македонски јазик | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | се | м | Ж | се | М | Ж |
| I | 5 | 4 | 1 | 5 | 4 | 1 |
| II | 7 | 1 | 6 | 7 | 1 | 6 |
| III | 3 | 2 | 1 | 3 | 2 | 1 |
| IV | 2 | 2 | / | 2 | 2 | / |
| V | 3 | 2 | 1 | 3 | 2 | 1 |
| **I – V** | **20** | **11** | **9** | **20** | **11** | **9** |
| VI | 10 | 7 | 3 | 10 | 7 | 3 |
| VII | 8 | 4 | 4 | 8 | 4 | 4 |
| VIII | 11 | 7 | 4 | 11 | 7 | 4 |
| IX | 15 | 8 | 7 | 15 | 8 | 7 |
| VI – IX | 44 | 26 | 18 | 44 | 26 | 18 |
| I – IX | 64 | 37 | 27 | 64 | 37 | 27 |

Бројот на паралелки е следен:

Предметна настава:4

Одделенска настава:6

Комбинирана паралелка – одделенска настава и тоа од II до V одд. 4 ученици во с.Доленци.

Комбинирана паралелка – одделенска настава и тоа од I ,II и IVодд. 4 ученици во с.Жван.

Предметна настава:

| Одделение | VI | VII | VIII | IX |
|---|---|---|---|---|
| Број на паралелки | 1 | 1 | 1 | 1 |

Одделенска настава:

| Училиште | Број на паралелки | Чиста/комбинирана | Број на ученици |
|---|---|---|---|
| с.Жван | 1 | комб. I ,II,IV одд. | 4 |

Подрачни училишта:

| Училиште | Број на паралелки | Чисти / комбинирани | Број на ученици |
|---|---|---|---|
| П. У с. Сопотница | 4 | 3 чиста I, II, III,V одд. | 12 |
| П.У с. Доленци | 1 | ком. II, III, IV,V | 4 |

## VI. ОЦЕНУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

Во согласност со Законот за основно образование постигањата на учениците од прво до трето одделение се оценуваат описно. Описно беа оценети и учениците од четврто, петто и шесто одделение на деветгодишното образование во прво и трето тримесечие и на крајот на првото полугодие.

Во почетокот беше извршена иницијална дијагноза со што беа собрани податоци за когнитивниот, социјалниот и психомоторниот развој на учениците.

Формативното следење, проверување и оценување на учениците во прво, второ и трето одделение се вршеше преку евидентни листи, чек листи, ученичко досие, тековно и

аналитичко бележење, континуирано следење со стандардизирани тестови, тековни коментари и годишно сумативно оценување. Родителите за успехот редовно беа иформирани усно и преку евидентни листови и преку портфолијата на учениците, и редовно беа спроведувани предвидените советувања на родителите.

Во прво одделение настава посетуваа 5 ученици. Учениците се оспособуваа да ги препознаваат буквите, да ги препознаваат и именуваат броевите, проценуваат и споредуваат должина и тежина, опишуваат лица и предмети, слободно комуницираат, прераскажуваат содржина, ги знаат правилата на однесување, ликовно се изразуваат и ги сфаќаат вежбите. Знаат да се претстават со податоци за себе и за своите блиски. Самостојно се движат во околината. Активно се вкучени во одбележувањето на Денот на училиштето и други културно уметнички манифестации. Учениците се оспособија за користење на Македонскиот јазик во искажувањето на емоциите, доживувањата и мислите.

Во второ одделение настава посетуваа 7 ученици. Учениците се оспособија да читаат пишуваат, раскажуваат и прераскажуваат, собираат и одземаат до 100, да ги користат ликовните материјали и техники, да пеат и слушаат музика и правилно вежбаат и играат. Ги препознаваат геометсиките форми , видови растенија, видови овошје, зеленчук, жива нежива средина, сообракај. Учениците зедоа активно учество во изготвувањето на катчиња со свои ликовни и литературни творби.

Во трето одделение настава посетуваа 3 ученици.

Учениците ги користеа двете писма за читање и пишување, раскажуваа, прераскажуваа, опишуваа и рецитираа. Собираат, одземаат, множат и делат до 1000, решаваат бројни изрази и проблемски задачи. Стекнаа знаење од сообраќајно воспитание и околината за живеење. И по останатите наставни предмети покажаа интерес и успех. Користат ИКТ во наставата. Учествуваат во организирани игри и се воспитуваат за фер- плеј однесување.

Со измените во Законот за основно обрзование, од 5.8. 2019 год. член 138 став(4) гласи:„ Во вториот период, постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со описни и бројчани оценки. (5) Ученикот од ставот (4) на овој член, на крајот на прво полугодие добива известување за успехот со описни оценки, а на крајот на учебната година добива свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех“.

На крајот од првото и третото тримесечие и првото полугодие, и учениците од IV, V, VI одделение се оценуваа описно. Преку описните оценки учениците постепено ќе спознаваат што значи бројчаната оценка, во описното оценување наставниците ги применија

критериумите и стандардите за оценување за што наставниците континуирано разменуваа мислења на одржаните состаноци на Стручен актив. Учениците беа оценети по нивоа.

Во сите одделенија во кои оценувањето на постигањата е описно најголем дел од учениците се самостојни или со мало потсетување во совладувањето на наставните содржини.

За постигањата на учениците родителите се известувани преку евидентни листови а на крајот од училишната година со сведителства.

Во четврто одделение настава посетуваа вкупно 2 ученици и средниот успех е 5,00.

Во петто одделение настава посетуваа 3 ученици и средниот успех е 4,48.

Во шесто одделение настава посетуваа 10 ученици и средниот успех е 4,30.

Во седмо одделение настава посетуваа 8 ученици, а средниот успех на одделение е 4,01.

Средниот успех на осмо одделение е 4,31 а во ова одделение има 11 ученици, и деветто одделение настава посетуваа 15 ученици ,а средниот успех на одделението е 4,19.

| Одд. | Вкупно | | | 1 | | 2 | | 3 | | 4 | | вкупно | | | | Среден успех по одделение |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ученици | | | одлични | | мн.добри | | Добри | | доволни | | | | | | |
| | се | м | ж | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | не оцен. | описно оцен. | |
| I | | | | | | | | | | | | | | | | |
| II | | | | | | | | | | | | | | | | |
| III | | | | | | | | | | | | | | | | |
| IV | 2 | 2 | / | 2 | 100 | | | | | | | 2 | 100 | | | 5,00 |
| V | 3 | 2 | 1 | 2 | 66.7 | 1 | 33,3 | | | | | 3 | 100 | | | 4,48 |
| IV-V | 5 | 4 | 1 | 4 | 80 | 1 | 20 | | | | | 5 | 100 | | | 4.69 |
| VI | 10 | 7 | 3 | 5 | 50 | 3 | 30 | 2 | 20 | | | 10 | 100 | | | 4.30 |
| VII | 8 | 4 | 4 | 2 | 25 | 4 | 50 | 2 | 25 | | | 8 | 100 | | | 4.01 |
| VIII | 11 | 7 | 4 | 6 | 54.5 | 3 | 27.3 | 2 | 18.2 | | | 11 | 100 | | | 4.31 |
| IX | 15 | 8 | 7 | 6 | 40 | 7 | 46.7 | 2 | 13.3 | | | 15 | 100 | | | 4.19 |
| VI-IX | 44 | 26 | 18 | 19 | 43.2 | 17 | 38.6 | 8 | 18.2 | | | 44 | 100 | | | 4.20 |
| IV-IX | 49 | 30 | 19 | 23 | 47 | 18 | 36.7 | 8 | 16.3 | | | 49 | 100 | | | 4.38 |

Преглед на општиот успех на учениците на крајот на 2023/2024 год.

Средениот успех на училиштето по одделенија спореден со успехот од минататите години е како што следува:

2019/2020

| IV | V | VI | VII | VIII | IX | VI-IX | IV-IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4,65 | 4,44 | 4,39 | 4,45 | 3,90 | 5,00 | 4,46 | 4,51 |

2020/2021

| IV | V | VI | VII | VIII | IX | VI-IX | IV-IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4,01 | 4,14 | 3,98 | 4,33 | 4,20 | 4,02 | 4,13 | 4,27 |

2021/2022

| IV | V | VI | VII | VIII | IX | VI-IX | IV-IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4,72 | 3,91 | 4,36 | 4,22 | 4.05 | 4,55 | 4,30 | 4,31 |

2022/2023

| IV | V | VI | VII | VIII | IX | VI-IX | IV-IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3,99 | 4,64 | 4.15 | 4.52 | 4,18 | 4,24 | 4,27 | 4,29 |

2023/2024

| IV | V | VI | VII | VIII | IX | VI-IX | IV-IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5.00 | 4.48 | 4.30 | 4.01 | 4.31 | 4.19 | 4.20 | 4.38 |

Преглед на поведението на учениците во текот на 2022/2023 год.

| Одделение | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Примерно | 5 | 7 | 3 | 2 | 3 | 10 | 8 | 11 | 15 | **64** |
| Добро | | | | | | | | | | |
| Незадоволително | | | | | | | | | | |

Преглед на изостанци по одделенија во текот на учебната 2022/2023 год.

| Одделение | Оправдани | Неоправдани |
|---|---|---|
| I | 0 | 0 |
| II | 0 | 0 |
| III | 0 | 0 |
| IV | 0 | 0 |
| V | 0 | 0 |
| VI | 135 | 0 |
| VII | 9 | 0 |
| VIII | 54 | 25 |
| IX | 35 | 21 |

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупно** | **233** | **46** |

## VII. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНО ВОСПИТНИОТ КАДАР

Мотивирањето на наставниците и стручните соработници за континуиран професионален развој како услов за успешна и ефикасна воспитно - образовна работа беше приоритет и оваа учебна година. Наставниците и стручните соработници континуирано се обучуваа и ги развиваа своите компетенции преку:

- Размена на искуства и споделување успешни наставни практики;
- Следење на обуки во организација на МОН и БРО за континуиран професионален развој на наставниот кадар;
- Оспособување на наставниците за развој на критичкото мислење кај учениците со помош на микро- бит уреди;
- Обуки на нставниците кои ќе реализираат настава во прво,второ и четврто одд. за работа по новите Наставни програми;
- Обуки за наставници по англиски јазик кои ќе предаваат во седмо одделение по новата концепција;
- Обуки за медиумска писменост за одделенските наставници и наставниците по македонски јазик;

## VIII. ИНКЛУЗИЈА НА ДЕЦА СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ

Цел: Овозможување еднакви можности за учење и развој на сите ученици.

Согласно Законот за основно образование, инклузијата на сите деца во редовното основно образование се дефинира со Концепција за инклузивно образование. Според тоа нашето училиште по реонизација припаѓа под Основното училиште со ресурсен центар Кочо Рацин, Битола. Инклузивниот тим на училиштето континуирано учествуваше во работни состаноци на кои добивавме насоки за начинот на побарување на личен и образовен асистент, услугите кои можеме да ги добиеме од нив како ресурсен центар како и соработка со стручното тело за функционална проценка по МКФ(меѓународна класификација на функционалноста) за учениците со ПОП.

- Во редовни настава се вклучени и учениците со ПОП, а со тоа и успешно се придонесува за нивната социјализација преку комуникација, толерантност и еднаквост;
- Се обезбедува флексибилна индивидуализирана подршка на децата со ПОП од страна на наставниците и прифаќање од страна на учениците;
- Зголемено е учеството на родителите на децата со ПОП во образовниот процес и во вонннаставните активности во училиштето;
- Изработени се ИОП соодветни на способностите, потребите и подготвеноста на секој од учениците со ПОП.
- Наставниците се соодветно запознати со состојбата на учениците и ги прилагодуваат методите и техниките на работа кон секој ученик со ПОП преку индивидуален пристап и давање помош за напредување во учењето или однесувањето;
- Се реализираа средби и контакти со институции надвор од училиштето, со цел да се зголеми квалитетот во обезбедување на индивидуалните потреби на учениците со ПОП.

## IX. ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВОННАСТАВНАТА ДЕЈНОСТ

**Слободни ученички активности:**

На основа резултатите од анкетирањето на учениците во текот на учебната година се реализираа следните слободни ученички активности:

Одбележани беа сите државни и верски празници со изработка и креации од учениците и одбележани на пригоден начин.

Доделена книга за секое дете по повод почетокот на учебната година од издавачката куќа Матица Македонска.

Одбележана Детската недела со низа активности на овогодинешната тема –Јас и светот околу мене.

Денот на училиштето 17 март беше пригодно одбележан со Свечена приредба на која учествуваа учениците од нашето училиште, а настапуваа пред Локалната заедница , нивните наставници и родители.Исто така се одржаа спортски активности и литературно читање по повод Денот на училиштето.

Учениците учествуваа на повеќе Манифестации со нивните врсници од партнер училиштето ОУ „ Даме Груев “ од с. Смилево и тоа мултимедијални презентации на тема обичаите на жителите во с.Смилево и Обедник (муслимански села) наспроти презентација за обичаите во с.Сопотница(христијнски села) . Целта на ваквите манифестации и работилници

беше надминување на стереотипи и предрасуди и интеграција на учениците со ученици од другите националности.

Одржување на заеднички часови по ликовно образование, Физичко образование, и учество во заеднички проекти и приредби по повод Денот на училиштето во с.Смилево.

Спортски натпревари помеѓу учениците од ООУ„ Гоце Делчев'' Демир Хисар и ООУ „Браќа Миладиновци ''с.Жван во фудбал и одбојка.

Во текот на целата учебна година учениците и наставниците континуирано работеа на уредување на училишните простории и паркот.

Учество на учениците по повод месецот на книгата со лични творби во Домот на културата„ Илинден '' Демир Хисар, како и посета на градската библиотека Петре М. Андреевски.

Одбележан месецот на книгата со читање на литературни творби на тема – Книгата прозорец кон светот.

Одбележан Денот на планетата Земја преку презентации и изработки на учениците.

Со повеќе различни активности се одбележа 20 Ноември како Меѓународен ден на Детето и во нашето училиште. Низ презентација, игра, квиз, читање и рецитирање и куси документарни филмови, нашите ученици во предметна настава покажаа зошто децата се најубавото во овој свет.

Одбележување на Меѓународниот ден на лицата со посебни потреби, по тој повод со пригодни говори, читање на поетски творби, изводоци од детска литература и куси едукативни видеа, во нашето училиште се одбележа Денот на лицата со попреченост.

Денот на ретките болести е глобално координирано движење за ретки болести, кое работи на еднаквост во социјалните можности, здравствената заштита и пристапот до дијагноза и терапии за луѓето кои живеат со ретка болест. По тој повод се одржа работилница со учениците од подрачното училиште во село Сопотница со наслов „ Ретко е да си редок " во организација на стручната служба од нашето училиште.

По повод Светскиот ден на лицата со Даунов синдром 21 март, во централното училиште се одржа работилница со учениците од шестто до деветто одделение, каде ученички од осмо и деветто одделение најпрво не запознаа со Дауновиот синдром и неговите специфичности а пото следеа активности со лакирање на ноктите во различни бои и носење шарени чорапи.

По повод Неделата за подигнување на свесноста за аутизам нашите ученици од осмо одделение учествуваа на онлајн презентација „Моето другарче со аутизам" во организација на ОУРЦ„Д-р Златен Сремец" Скопје.

Реализирана работилница – Насилство и интернет ( сајбер) насилство кај младите.

Одбележан меѓународниот ден на мајчиниот јазик со работилница на тема – Чување и негување на македонскиот јазик.

Литературно читање во Домот на културата во Демир Хисар по повод виното и љубовта.

По повод меѓународниот ден на лицата со попреченост учество на учениците со лични творби во невладина организација- Порака Демир Хисар.

Реализирана работилница во организација на МВР Демир Хисар на тема Превенција од болести на зависност.

Учество на ученичката Наталија Кочовска на 56 -тите Детски Рацинови Средби во родниот град на Рацин – Велес заедно со својот ментор наставникот по македонски јазик. Нашата ученичка освои трето место во силна конкуренција на млади поети од целата држава.

Учество на ученици на детска поетска манифестација ,,Жуборења од Радика" во село Жировница ,општина Маврово и Ростуше.

Учество во акцијата – Генералка викенд за почистување на дворното место и едукација на учениците за рециклирање на пластични шишиња, лименки и друг отпаден материјал.

## X. ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА

Во областа на професионална информација и ориентација учениците од деветто одделение континуирано се поттикнуваа за правилен избор на професија според нивните интереси и потенцијали. Во насока на оваа цел реализирани се следните активности:

- Осознавање на учениците за постигнатиот успех во училиштето и способностите кои ги поседува преку анкетен прашалник, како битни фактори при избор на својата идна професија ;
- Запознавање на учениците со Програмата која ја нудат средните училишта,условите кои ги нудат и други информации кои се важни за учениците;
- Советодавна помош на учениците од деветто одделение при правилен избор во корелација со нивните интереси и способности;
- Запознавање на учениците со конкурси за запишување во гимназија и средни стручни училишта;

- Учениците од деветто одделение присуствуваа на промоција на струките со кои располага СОУ,, Крсте Петков Мисирков''Демир Хисар.

## XI. ПРЕВЕНЦИЈА НА НАСИЛСТВО

Главната цел на активностите на Преавенција од насилства е едукација на младите за почитување на владеење на правото, при што секој поединец ќе ги усогласи своите однесувања во согласност со правилата и законите воспоставени од страна на граѓанското општество. Учењето на законите претставува прифаќање на вредностите во нашето општество, а тоа всушност ќе придонесе за намалување на појавата на малолетничко предстапништво и деликвенција.

Во текот на целата учебна година беа реализирани повеќе активности и тоа:

- Интерни работилници за постигнување поголемо разбирање кај младите за нивните права и одговорности како граѓани;
- Подигнување на свеста кај учениците за владеењето на правото;
- Развивање позитивен став кај учениците за почитување на владеењето на правото;
- Работилници за превенција од злоупотреба на алкохол, дроги и психотролпни супстанции;
- Вежби за правилно однесување на спортските натпревари;
- Вежби за оспособување на учениците за безбедно вклучување во сообраќајот;
- Информирање за начините на превенција од злоупотреба на младите во интернет сообраќајот;
- Работилници за навремено и успешно спречување на насилството;
- Имаше отворена комуникација со родителите и наставниците како заштитен фактор од ризици;
- Училиштето имаше посети од страна на полициски службеници во насока на развивање доверба и почит кон професионалците кои работат во секторот полиција и правда.

Со повеќе работилници и дисиминација од страна на наставници беа опфатени различни теми и истите презентирани пред учениците и наставниците.

## XIII. ИНТЕГРАЦИЈА НА ЕКОЛОШКА ЕДУКАЦИЈА ВО ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ

Воведување на еколошкото образование во воспитно образовниот процес и оваа година придонесе подобрување на условите за престој и работа во училиштето. Поттикнување на учениците и вработените да размислуваат и да дејствуваат еколошки. Исполнување на 7-те чекори од програмата за Еко училиште. Интеграција на еколошката едукација се реализираше во сите предмети во одделенска и предметна настава. Изработени се и проекти со еко содржини. Одбележани се и значајни еколошки датуми и други активности. Во училиштето функционира и еколошка секција под водство на наставничката по природни науки Андријана Наумовска.

Изготвен беше план за работа со цел, подигнување на свеста и будноста за зачувување, одржување и подобрување на квалитетот на животната средина, но и едукација за градбата и важноста на половите системи нивните болести и како до нивна заштита и рана превенција, посебно внимание се посвети на пороците на 21 век, но и на отпадот во животната средина, неговата селекција и процесите на рециклирање. Според едукативните теми предвидени во планот соодветно се изготвуваа едукативни панели од страна на учениците. Еколошката секција активно и ефективно во целост ги обработи сите теми. Со планот за работа на секцијата, целта беше постигната имајќи во предвид дека голем дел од темите во планот се обработуваат и во наставната програма за учебната година.

## XIV. УЧЕНИЧКИ НАТПРЕВАРИ

Ученици од нашето училиште учествуваа и освоија награди на литературни и ликовни конкурси.

По повод Денот на поезијата беше одржано литературно читање од ученици од училиштето каде најдобрите освоија награди за своите творби.

Детски рацинови средби Наталија Кочовска освои трета награда за напишана песна во категорија основно образовние.

Учество на Детски гласови 2024 на Наталија Кочовска и Андреј Петрески добиени пофалници за учество.

Учество на Детски лирски треперења во Охрид добиена пофалница и промоција на стихозбирка на Наталија Кочовска.

Учество на Наталија Кочовска и Андреј Петрески на Жуборења од радика и добиени гран –при и второ место.

По повод Денот на книгата ученици од седмо и осмо одделение добија пофалници за учество во манифестацијата во Домот на културата,, Илинден'' Демир Хисар.

Наталија Кочовска пофалница за учество  на државен  натпревар во Библиотекарство.

Андреј Петрески пофалница за учество на државен натпревар по Биологија.

## XV. УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИ

Цел: Проширување на знаењата, примена на вештини и ставови преку непосердно запознавање на појавите, како и односи во природата и општествената средина, културно - историските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети во согласност со воспитно - образовната работа на училиштето.

Задачи: Изучување и истражување на објекти во природата, развивање интерес за природата и развивање еколошки навики, запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви, градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот, развивање позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности, поттикнување и манифестирање позитивни емоции, социјализација и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе, развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

Оваа учебна година беше реализиран пролетниот излет со посета на манастирот св.Атанасиј во село Сопотница.Во рамки на пролетниот излет се одржа и крос до манастирот со учениците од шесто до деветто оделение, под водство на наставничката по Физичко и здравствено образование како и фудбалски натпревари и  натпревари по одбојка.Исто така се организира и есенски излет до манастирот св.Архангел во село Жван.

Еднодневна екскурзија за учениците од прво до петто одделение со посета на локалитетот Хераклеа и зоолошката градина во Биотола.Еднодневна екскурзија  од научно – забавен карактер за учениците од шесто до деветто одделение до Струга и Охрид и посета на најзначајните локалитети и знаменитости.

Дводневна екскурзија за учениците од шесто одделение и тродневна за учениците од деветто одделение на релација Скопје,Маврово,Струга и Охрид со посета на повеќе знаменитости.

## XVI. ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ

Учениците од одделенска и предметна настава се осигурани во почетокот на учебната година во осигурителна компанија по избор на Советот на родители.

Во текот на учебната година се реализирани следните активности;

- Систематски и стоматолошки прегледи на учениците од VI, VII, VIII и IX одд. согласно Календарот за здравствена заштита изготвен од ЈЗО Демир хисар;
- Извршена е вакцинација на учениците соодветно со Календарот за имунизација.
- Изготвен е извештај за здравствената состојба на учениците и истиот е презентиран на наставничкиот совет и на Совет на родители.

Во рамките на одделенските часови, а во согласност со Планот за работа за здравјето на учениците беа реализирани стручни предавања за издигнување на здравственото воспитание на учениците на тема: Сезонски грип - заболување и заштита, предавање за пубертетот кај ученичките, предавање за туберкулоза, давање Прва помош при повреда, и Последици од пушењето, Предавање на тема: Дијабетис и заштита,Хигиената е услов за подобро здравје. Стручната служба континуирано присуствуваше на отворени часови во подрачните училишта и придонесе за подобра социјализација и адаптација на учениците.

Училишниот стоматолог изврши стоматолошки прегледи, залевање на забите на учениците ододделенска настава и реализира стручни предавања за орално здравје и орална хигиена од прво до деветто одделение. Презентиран беше филм: „ Царството на здравите заби“ за учениците од првиот воспитен период. И беа реализирани предавања на тема: „ Орална хигиена услов за поздрави заби“ и „ Одржување на лична хигиена- носење соодветна облека,пубертет и избегнување стресни ситуации“.

## XVII. СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА

Воспитно - образовната работа на ова програмско подрачје се реализира со цел да се стават во педагошка функција сите ресурси што може да ги понуди локалната средина за поуспешно остварување на програмските задачи на училиштето.

Активностите во насока на ова подрачје се следните:

- Искористување на стручни, културни и материјални можности на локалната средина за подобрување на квалитетот на воспитно - образовната дејност на училиштето;
- Размена на знаења, мислења и искуства со наставниот кадар и стручните соработници од другите училишта од општината;
- Организирање прослави на празници и јубилеи, културно – уметнички манифестации и сл.
- Информирање на пошириоката јавност за работата и резултатите што ги постигнува училиштето.

## XVIII. УЧЕНИЧКА ЗАЕДНИЦА

Цел: Учество на учениците во креирање на позитивна клима за работа, градење и негување на другарството и соработка се основните придобивки за нивниот правилен развој и градење на нивната личност;

Активности:

- Спроведени се активности за креирање на позитивна клима за работа;
- Градење и негување на другарството;

## XIX. ДЕТСКА ОРГАНИЗАЦИЈА

Работата на Детската организација ги опфаќа сите елементи на основните одредби на правата на детето, а со цел соодветно да се влијае врз правилниот психички развој на децата. Реализираните активности продонесоа за развивање на:

- Чувство за припадност, почит и дружење помеѓу учениците;
- Подигнување на културната свест;
- Развивање на хуманост и позитивни особини на личноста.

На почетокот на учебната година во училиштето е формиран ученички парламент.

Истиот е составен од претседателите на секој клас, а беше избран и претседател на ученичкиот парламент од редот на учениците од деветто одделение. Исто така учениците избраа и ученички правобранител кој се залага за заштита и промоција на ученичките права.

Ученичкиот парламент редовно одржување седници на кои беа разгледувани прашања кои се од интерес на учениците, а го опфаќаат секојдневното функционирање во училиштето.

## XX. ПОДМЛАДОК НА ЦРВЕНИОТ КРСТ

Во соработка со ПЦК и Општинската организација Црвен крст од Демир Хисар беше собрана и поделена облека, храна, училишен прибор, хигиенски средства за маргинализирани групи на граѓани како и обувки за ученици од социјално загрозени семејства.

Цел: Развивање на чувството за хуманизам, солидарност, толеранција и почитување преку разновидни актидвности; стекнување на пријатели и развивање на пријателство. Создавање, развивање и негување на хигиенски навики кај учениците, подигнување на нивото на здравствената култура, оспособување на подмладокот за укажување прва помош во случај на несреќа, водење постојана грижа за здравјето преку здрава храна и чиста средина за живеење.

.

## XXI. СЛЕДЕЊЕ, ВРЕДНУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

За поцелосно следење и унапредување на воспитно образовната работа во училиштето на крајот од правото и третото тримесечие беа изготвени Анализи на успехот и редовноста во училиштето, изготвен е Полугодишен извештај во кој беше дадена оценка за степенот и квалитетот на реализирањето на планирањата и успехот на учениците во споредбени показатели. Непосредното следење на оценувањето се вршеше преку континуиран увид во одделенските книги, Е-Дневникот и проверка на педагошката евиденција и документација континуирано во текот на целата година.

## XXII. РАКОВОДЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО

**Орган на раководење**

Работата на директорот на училиштето во учебната 2023/2024 год. беше насочена на следните подрачја:

1. Училишна култура и клима

Видливиот дел на училишната култура е подобрен преку подобрување на естетскиот изглед на училиштето и холот. Директорот ја подржува воспоставената училишната клима со подршка на дружењето помеѓу наставниот кадар и стекнатите ритуали и обичаи. Исто така подржани се сите форми на соработка во училиштето.

2. Соработка со родителите и заедницата;

Родителите за време на летниот распуст беа активно вклучени во варосување на училниците, како и во средување на дворните површини од училишните објекти. Родителите се вклучени во планирање на реконструкција на санитарните јазли и нивно прилагодување за деца со ПОП.

3. Обезбедување кадар, работно воведување и ангажирање;

Директорт дава подршка на менторството во училиштето во секој негов облик, како формално така и неформално. Во оваа учебна година во училиштето има еден менториран наставник во одделенска настава. Одреден е ментор, а процесот на менторирање постојано е следен и потпомогнат од страна на директорот.

4. Професионален и кариерен развој на вработените;

Директорот на училиштето поттикнуваше процес на меѓусебна размена на знаења и искуства помеѓу наставниот кадар и стручната служба. Исто така според потребите на кадарот беа овозможени обуки во организација на БРО и МОН за професионален развој на наствниците и стручните соработници.

5. Планирање и подршка на наставата и учењето;

Директорот дава перманентна подршка на наставниците преку изнајдување на средства и материјали за обезбедување на квалитетна настава.

6. Обезбедување здрава, безбедна и демократска средина за учење и развој на ученикот;

Изготвени се правила во училиштето за однесување во вонредни ситуации, Ја промовира важноста на хигиената во училишните простории; постојано ја следеше работата на инклузивниот тим, вршеше контрола врз менторството на ученици од ранливи групи.

7. Раководење со финансиските и материјалните ресурси;

Училиштето и оваа учебна година наменски ги користеше финансиските средства доделени од буџетот. Навремено и уредно се подмируваа сите финансиски обврски.Дел од средствата беа издвоени за реконструкција на училница и пвц дограма на спортската сала во централното училиште.

**Орган на управување**

Училишниот одбор ја донесе Годишната програма на училиштето во месец август 2023 година.Редовно ги реализираше своите активности предвидени со планот за работа на УО. Оценката на овој орган за работата на училиштето е од клучна важност и директорот во целост се придржува до нивните предлози.

## XXII. ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДЕЈНОСТА НА СТРУЧНИТЕ ОРГАНИ И ТЕЛА

За работата на Наставничкиот совет, Одделенските совети, одделенските раководители и стручните активи беа изготвени програми за работа и истите во целост се реализирани.

1. **Одделенски совети**

   Активности:

- Ја следеше работата на наставниот кадар  и даваше предлози за напредокот на учениците, определувањето на средства, техники и методи за работа;
- Даваше насоки за работата со учениците со ПОП;
- Ги следеше постигањата, редовноста и успехот на учениците;
- Определуваше начини и можности за известување на родителите со успехот и поведението на учениците  и актуелните работи во училиштето.

2. **Совет на родители**

   Активности:

- Ги согледа вистинските проблеми и потреби во училиштето
- Се вклучи во различни училишни активности и да даде свој придонес според во решавање на проблемите;
- Даде поддршка за различни училишни акции и манифестации: ЕКО акции, хуманитарни акции, прослава на Денот на училиштето;
- Активно  учествуваше во решавањето на разалични проблеми во училиштето;

## XXII. СТРУЧНА СЛУЖБА

Стручната служба ја сочинуваат: психолог, специјален едукатор и рехабилитатор и библиотекар. Активностите се одвиваа врз основа на нивните програми кои беа уредно доставени на почетокот на учебната година.

**Извештај за работата на психологот:**

Согласно Годишната програма за работа на училиштето и програмата за работа на психологот , од предвидените содржини и активности во оваа учебна година реализирани се следните:

- Планирање и подготовка на работата на психологот - изготвување годишна програма за сопствената работа -изготвување месечни (оперативни) програми за сопствената работа со конкретизирани активности и содржини -изготвување месечни и неделни планови за советување родители
- Изготвување на планирања и програми на ниво на училиште - учество во изготвување на годишната програма за работа на училиштето - учество во изготвување програма за професионален развој на наставниците - изготвување програма за професионална информација и ориентација на учениците - изготвување програма за работа со деца со посебни образовни потреби, за работа со ученици со емоционални потешкотии, работа со надарени ученици како и програма за превенција од насилно однесување - учество во изготвувањето на Програмата и планот за поддршка на учениците со емоционални потешкотии и ученици со ПОП -изготвување програма за работа со родители -учество во изготвување програми за работа на дополнителна и додатна настава:
- Советодавна работа со учениците - следење на прилагоденоста на учениците од прво и шесто одделение, како и на новодојдените ученици - советодавно-инструктивна работа со учениците со три и повеќе слаби оценки, емоционални потешкотии и несоодветно однесување, како и со учениците од семејства со социјален ризик - индивидуално и групно советување ученици - групно советување на учениците со намален успех во учењето, нередовно присуство на настава и несоодветно однесување - евиденција од работата со овие ученици, наставниците и нивните родители - поддршка, следење и унапредување на работата на ученичката заедница;
- Работа со ученици со посебни образовни потреби - запознавање на наставниците со децата со посебни образовни потреби и со видот на нивната попреченост, посебно наставниците од прво и шесто одделение - советодавно консултативна работа со нивните родители и евиденција на истата - соработка со Центарот за социјана работа со цел подобрување на нивните постигања и социјалниот статус во паралелките -

следење на нивните постигања, емоционалниот и социјалниот развој на крајот на класификационите периоди

- Работа со надарени ученици - советодавна работа со наставниците за влучување на овие ученици во додатна настава и воннаставни ученички активности, како и мотивирање на истите за учество на натпревари на знаење;
- Работа со ученици со потешкотии во учењето, прилагодувањето и однесувањето - помош и поддршка на наставниците при откривање ученици со потешкотии во учењето( деца со ниска самодоверба, деца кои насилно се однесуваат, деца со емоционални проблеми и слаба мотивација, како и деца со проблеми во однесувањето) - следење на нивното напредување по завршување на класификационите периоди - оветодавна работа со овие ученици и нивните родители и евиденција на истата;
- Запишување на учениците и формирање паралелки - формирање паралелки за прво одделение според дадените критериуми - упис на деца во прво одделение (член на комисија ), давање мислење за ученици родени до 31 јануари , - изготвување извештај за запишаните деца во прво одд. - следење на уписот на учениците во прва година средно образование;
- Следење на успехот и напредокот на учениците во наставните и вонаставните содржини;
- Работа на професионална информација и ориентација на учениците - организација и присуство на презентации на струки и занимања од приватни и државни средни училишта
- Соработка со родителите - индивидуална и групна советодавна работа со родителите - изготвување на месечен и неделен план за советување на родителите, пополнување обрасци за работа, како и записници за советувањето -реализирање на програмата за советување на родителите
- Соработка со наставници - помош и поддршка при изготвување на годишните и тематски планирања на наставниците - инструктивно консултативни разговори со наставниците во врска со планирани методи на формативно оценување, техники за учење, водење рефлексивни забелешки во дневните подготовки, планирање и задавање домашни задачи, како и следење на користењето дигитални содржини - посета на часови и пополнување на инструментите за посета на час и евалуација на дневните подготовки - консултативно советодавна работа по одржување на наставните часови - педагошко инструктивна работа со наставниците за подобрување на личниот,социјалниот и емоционалниот развој на учениците - помош на

наставниците при изготвување на објективни тестови на знаење и нивно бодување и оценување;

- Унапредување на воспитно образовната работа - поддршка на одговорните наставници на стручните активи, како и одговорните наставници на ученичките организации при изготвување на годишни програми за работа - помош и поддршка на одделенските раководители во изготвување и спроведување на активности на одделенските часови од програмата „ Образование за животни вештини “ - стручна помош на менторите и приправниците во секојдневната работа и пред полагање на стручните испити
- Аналитичко истражувачка работа - изготвување извештај и анализа на успехот и поведението на учениците по одржаните одделенски совети на крајот на првото тримесечие , првото полугодие , терто тримесечие и на крај на учебната година - изготвување извештаи од посетените часови во одделенска и предметна настава - учество во изготвување на полугодишниот и годишниот извештај за работата на училиштето - изготвување на полугодишен и годишен извештај за сопствената работа - изготвување на извештаи од посетени презентации, обуки, работилници трибини, научни собири;
- Педагошка евиденција и документација - редовно водење на сопствена евиденција и документација (хронолошки дневник за работа, изготвување оперативни програми за работа,евиденција од педагошко инструктивна и советодавна работата со наставници, родители иученици, соработка со локална средина, документација од аналитичко истражувачка работа...) - водење педагошки картон за работа на наставниците - водење професионално досие на наставниците од предметна настава - поддршка на наставниците во водење на педагошка евиденција и документација и следење на истата (внесување на потребни податоци во педагошки картон)
- Соработка со локална заедница и други институции - соработка со МОН, БРО, Завод за ментално здравје, Центар за социјални дејности, Црвен крст на македонија, Прва детска амбасада во светот Меѓаши, Ресурсен центар и сл;

**Извештај за работата на специјалниот едукатор и рехабилитатор:**

Согласно Годишната програма за работа на училиштето и програмата за работа на дефектологот, од предвидените содржини и активности во оваа учебна година реализирани се следните:

- Планирање и програмирање на воспитно-образовната работа - учество во изготвување на годишната програма за работа на училиштето во учебната 2023 - 2024 год. изготвување на годишна програма за сопствената работа - изготвување Програма за откривање и грижа за учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и семејства под социјален ризик - стимулативна работа со учениците кои имаат сензорни или психо-физички пречки - учество во изготвување програми за: инклузивниот тим на училиштето, професионален развој на наставниците, план за развој на училиштето, програма за општествено хуманитарна работа, грижа за здравјето на учениците, програми за работа со надарени и деца со потешкотии во учењето - учество во изработка на брошура- информатор за родителите за работата на училиштето - учество при планирањето, програмирањето и реализација на работата на одделенскиот и наставничкиот совет
- Следење и унапредување на воспитно-образовната работа со учениците со ПОП - следење на учениците и пружање на дополнителна стручна помош - следење на степенот на инклузираноста на учениците со ПОП во наставнообразовниот процес - давање инструкции при дефинирањето на воспитно-образовните цели, специфичните стратегии, методи, форми и техники на работа со учениците со ПОП - учество во планирањето на неопходните методолошки адаптации при изведувањето на наставата за учениците со ПОП - следење и поддршка на дидактичката подготвеност на наставниците т.е. кои методи и средства ги користи при работата со учениците со ПОП - посета на часови со цел увид во степенот на социјализација и вклученост на учениците со ПОП во наставата и утврдување на дидактичката подготвеност на наставникот за работа со ученици со ПОП - следење на прилагоденоста на учениците од прво и шесто одд. деветгодишно образовение - следење на успехот, поведението и редовноста на учениците по паралелки, предмети и пол -стручна помош на наставниците при изготвувањето на индивидуалните образовни планови за учениците со ПОП и конкретизирање на наставните содржини - учество во комисијата за запишување на нови ученици и нивно распоредување во паралелки, изготвување извештаи и табели за запишаните деца во прво одд. - учество во спроведување на одредени активности во самоевалуацијата на училиштето;
- Советодавно - консултативна работа со учениците со посебни образовни потреби, наставниците и родителите - идентификација, превенција, корекција и компензација на специфичните пречки во развојот на учениците - индивидуален корективно-стимулативен третман на ученици со дисфункции во когнитивното, сензо - моторното и социо - емоционалното функционирање - континуирано следење на напредокот и

постигањата на учениците со посебни образовни потреби -педагошко инструктивна и советодавна работа со ученици кои покажуваат неуспех во учењето, емоционални потешкотии, социјална неприлагоденост - давање стручни совети и насоки за работа во домашни услови и насоки за работа во текот на зимскиот и летниот распуст - јакнење на капацитетите на наставниците за препознавање на интересите и способностите на учениците со пречки во развојот - континуирана поддршка на наставниците и следење при примена на изготвените насоки и индивидуалните образовни планови од страна на наставниците - помош и поддршка во изготвување на годишните и тематските програми за работа на наставниците - советодавно-консултативни средби со наставниците во врска со употреба на адаптирани специфични методи, форми и техники на работа - ревидирање на целите и задачите предвидени со ИОП - от во соработка со наставниците и родителите - советодавна работа и поттикнување на родителите на учениците со ПОП за активно учество во воспитно - образовниот процес преку вклучување во планирањето и поддршката на развојот - учество во работата на стручните тимови и активи;

- Аналитичко - истражувачка работа - изготвување анализи и извештаи за упехот и поведението на учениците по завршените класификациони периоди ( за прво тримесечие и прво полугодие) - изготвување на извештај и анализа од посетените часови во одделенска и предметна настава - учество во изготвување на полугодишниот извештај за работата на училиштето - изготвување на полугодишен извештај за сопствената работа - изготвување на извештаи од посетени презентации, трибини, научни собири;
- Соработка со стручни институции и локална заедница -соработка со МОН,БРО, соработка со Училиштето со ресурсен центар Кочо Рацин - Битола,стручното тело за проценка по МКФ, Центар за социјална работа Демир Хисар,Психијатриска болница Демир Хисар , Институт за специјална едукација и рехабилитација, Меѓународно научно здружение за аутизам (МНЗА);Општина Демир Хисар,основните и средните училишта на ниво на општина.
- Грижа за учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства - евидентирање на учениците од социјално загрозени семејства, - следење на успехот на учениците од социјално загрозените групи (за прво тримесечие и прво полугодие, трето тримесечие и крај на учебна година);
- Професионален развој – Акредитирани обуки од МОН и БРО: Развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците, справување со проблематично однесување и

создавање на позитивна социо - емоционална клима на час и Инклузивно образование во пракса.

- Педагошка евиденција и документација - годишна програма за работа на дефектологот – месечни - оперативни планови за работа - хронолошки дневник за работа - водење на портфолио за учениците со ПОП - евиденција од дефектолошко - инструктивна и советодавна работата со наставници, родители и ученици, соработка со локална средина - документација за извршената аналитичко - истражувачка работа - изготвување на полугодишен и годишен извештај за сопствената работа

**Извештај за работата на библиотекарот:**

Според предвидената програма за работа на библиотекарот за учебната 2023/2024 год. Реализирани се следните активности:

- Во текот на месец август и септември беа примени и евидентирани нарачаните учебници за сите ученици од I до IX одделение и се евидентирани во обрасци - листи на примени учебници;
- Во септември беше формирана и библиотекарската секција која според подготвената програма успешно ги реализираше предвидените задачи во континуитет преку целата учебна година (запишување, евидентирање во тетратка на донации, компјутерско евидентирање, печатирање, лепење, редење по сталажи по азбучен ред, средување и подредување, средби со автори...);
- Во текот на септември и октомври интензивно се спремаше и координираше програмата за прославите; Влез на првачињата во Детска организација, Ден на училиштето;
- Во текот на првото полугодие учениците и наставниците се зачленуваа во училишната библиотека се евидентираа со отварање и задавање на членски број на картон на читател и во текот на годината се снабдуваа, услужуваа и позајмуваа со задолжителни лектирни изданија, слободна литература по сопствен избор, потребни списанија, публикации, како и информации за најновите наслови на издавачките куќи, информации каде би можеле да се набават интернет адреси итн;
- Во текот на месец октомври по повод месец на книгата со ученици беа реализирани работилници на тема „ Важноста на книгата и читањето “
- Училишниот библиотекар учествуваше и соработуваше на сите состаноци на актив на одделенска настава како и другите активи, на одделенските совети за одделенска

настава, наставнички совети во училиштето на кои состаноци даваше информации од новитетите на следењето на педагошко дидактичка литература

- Непосредно секој ден според постојните ситуации и потреби соработуваше со наставниците и другите стручни соработници во училиштето за поуспешно организирање и одвивање на работата.
- Во текот на месец март членовите на библиотекарската секција земаа учество во подготовките на приредби, работилници за изработки за Денот на мајката како и за Денот на шегата и Велигденскиот базар;
- Во текот на месец мај се избраа и им се доделија пофалници на најактивните и најдобрите читатели а воедно се доделија
- Беше направена и нарачка на учебници за учебната 2024/2025 год.
- Беа набавени книги за учениците кои постигнале континуиран одличен успех од прво до деветто одд. како и за наградените ученици на регионални и државни натпревари и за нивните ментори.

## XXIV. ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА

Во текот на учебната година педагошката евиденција и документација се водеше уредно и во согласност со правилникот за начинот на водење, формата и содржината на педагошка евиденција и документација.

Активности:

- Континуирано се вршеше контрола на редовноста за точно, прецизно и последователно запишување на часови, изостаноци, посети, отворени денови, родителски средби, оценки, одделенски совети, планирани и реализирани тестови, задачи итн.
- Се детектираа пропустите и ненамерните грешки;
- Навремено се корегираа грешките и пропустите во водењето на педагошката евиденција и документација.

Овие активности беа во координација на комисијата за следење на педагошката евиденција и документација во состав на

1. Менка Најдовска – претседател

2. Лилјана Петковска – член
3. Ана Трајческа - член

**Проекти кои се реализираа во текот на учебната година :**

1. Водење на Е-дневник во наставата

2. Користење на информационен систем за Управување со образованието

( ЕМИС )

3. Edubuntu во наставата

5. G- compris во одделенска настав

6. TOOLKID

7. Програмата "Образование за животни вештини" ( од I до IX одд.)

8. Проект за меѓуетничка интеграција во образованието

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕДЛОГ МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДЕЈНОСТА

И оваа учебна година е постигнат солиден успех кој се должи на квалитетно планирање и усовршување на содржините преку кои се исполнуваат поставените цели во наставната програма, стручно усовршување, примена на различни методи и инструменти на оценување, редовна организација и реализација на воннаставните активности, како и квалитетна соработка со родителите.

Постигнатите резултати во наставата, реализираните проекти и проектите кои се во тек, зголемената визуелизација во наставата, перманентното стручно усовршување на наставниот кадар е индикатор за подготвеноста на нашето училиште во справувањето со сите предизвици што ги носи новото време.

Редовното вклучување во различни проекти нивното следење и правилниот избор како и залагањето на целокупниот персонал во училиштето, соработката со сите релевантни

фактори резултираат со подобрување на процесот на работењето, осовремување на методите на работа и постигнување на високи резултати на ученичките натпревари.

Современите тенденции на образованието наложуваат секојдневно следење на достигнувањата на сите полиња со цел нивно доследно имплементирање во процесот на обезбедување на здрави, модерни и атрактивни училишта како привлечна и посакувана средина за учење. Целта на оваа образовна организација е следење на промените и прилагодување на потребите на генерациите кои доаѓаат, бидејќи ние ги подготвуваме децата за „ времето кое доправа доаѓа“. Во таа насока во планирањата за идната учебна година ќе бидат вклучени следните цели:

- Изнајдување начини за реконструкција на покривот на спортската сала;
- Изнајдување начини за реконструкција на кровот на училишната зграда во П.У. с. Сопотница
- Збогатување на библиотечниот фонд со нови лектирни изданија:
- Санирање на санитарните јазли во подрачните училишта;
- Подобрување на енергетската ефикасност со промена на останатиот дел од старата дограма во подрачните училишта.
- Уредување и опремување на спортските игралишта во подрачите училишта.

Врз основа на член 122 од Законот за основно образование (Сл.Весник на РМ бр.161/2019) и член 83 од Статутот на ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван Демир Хисар, Наставничкиот совет на седницата одржана на ден 26. 06. 2024 година го донесе следниот.

**ЗАКЛУЧОК**

За усвојување на Годишниот извештај за успехот и постигнатите резултати во воспитно образовната дејност на училиштето на крајот од учебната 2023/2024 година.

Се усвојува Извештајот за успехот и постигнатите резултати во воспитно образовната дејност на ООУ„Браќа Миладиновци“ с. Жван на крајот од учебната 2023/2024 година.

По еден примерок од овој Заклучок да се достави до:

- Архивата на училиштето
- Локалната самоуправа
- Бирото за развој на образованието - Битола

в.д. Директор

__________________

Андријана Наумовски

Врз основа на член 108 од Законот за основно образование (Сл.Весник на РСМ бр,161/5.8.2019 год.) и член 71 од Статутот на ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван Демир Хисар, Училишниот одбор на седницата одржана на ден 28. 06. 2023 година го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

За усвојување на Годишниот извештај за успехот и постигнатите резултати во воспитно образовната дејност на училиштето на крајот од учебната 2023/2024 година.

Се усвојува Извештајот за успехот и постигнатите резултати во воспитно образовната дејност на ООУ„ Браќа Миладиновци “ с. Жван на крајот од учебната 2023/2024 година.

По еден примерок од овој Заклучок да се достави до:

- Архивата на училиштето
- Локалната самоуправа
- Бирото за развој на образованието-Битола

Претседател

_________________

Соња Миленкоска